Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 316 15 февруари 2023 година

февруари 2023 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник за насловно звање насловен вонреден професор област вокално пеење на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област видови на инструменти – обоа и камерна музика на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип........ 7

**РЕЦЕНЗИЈА** на докторската дисертација со наслов „Анализа на формите на финансирање на корпоративниот сектор и нивното влијание врз економскиот развој, со посебен осврт на Република Северна Македонија” од м-р Елмедина Шуајиби, пријавена на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 13

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практичен пристап во клиничка урологија“ од насловен доцент д-р Маја Софрониевска-Главинов, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник „Фокалози” од проф. д-р Наташа Лонгурова, проф. д-р Ивона Ковачевска и асис. д-р Оливера Терзиева-Петровска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип........ 21

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник „Локални анестезии во дентална медицина” од редовен професор д-р Цена Димова,Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 25

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Перспектива во цртеж и слика” од вон. проф. м-р Јана Јакимовска, Ликовна академија, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 28

**РЕЦЕНЗИЈА** наракописот (учебник) со наслов „Социјално право” од вонреден професор д-р Билјана Тодорова, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 34

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 37

**ПРЕГЛЕД** на прифатени теми за изработка на докторски трудови од наставно-научниот совет на докторски студии на кампус 3 ........ 38

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување:Благој Михов
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ЗА НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ОБЛАСТ ВОКАЛНО ПЕЕЊЕ НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1402 –96/6 од 18.10.2022 година донесена на седницата на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичка академија, одржана на 18.10.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник за насловен вонреден професор област вокално пеење (60911) на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 15.9.2022 година и во предвидениот рок се пријави м-р Марјан Николовски.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичка академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

М-р Марјан Николовски е роден на 15.7.1966 г. во Скопје. Своето музичко образование го започнува во Средното музичко училиште „Илија Николовски-Луј“, отсек Кларинет. Во 1998 г. се запишува на Музичката академија во Скопје, отсек Соло пеење, кај проф. Милан Фирфов, но по краток период го прекинува студирањето. Во тој период конкурира во хорот на Македонската опера и балет, во хорот на МРТ, како и во црковниот хор во Соборниот храм. На негово огромно задоволство, примен е во сите хорови, каде што по краток период му е понудена можноста да настапува како солист. Како солист првпат настапува во „Св. Софија“ на Охридско лето, со литургијата на Рахмањинов со хорот на МРТВ. Во истиот период посетува и приватни часови по соло пеење кај познатиот бугарски тенор Стојан Ганчев, кој понатаму ќе придонесе за почетоците на Марјан, како епизодист и солист во МОБ. Во 1999 г. се пријавува на мастер класот кај познатите оперски пејачи и професори Мирела Паруто и Антонио Боаје, кој се одржува во Битола. По преслушувањето, понудено му е да продолжи на приватно усовршување во Рим (Италија). Во 2001 и 2002 г. се усовршува кај Паруто и Боаје во Рим (Италија), а по враќањето почнува неговиот ангажман во сите оперски дела кои се на репертоарот на МОБ, како солист-епизодист, но и со неколку први улоги. Во 2008 г. се префрлува на Музичката академија во Штип, во класата на проф. Борис Трајанов, а во 2011 г. дипломира со просек 9,46. Како солист настапува на многу гала концерти во Македонската опера и балет, низ државата, особено му се драги настапите на класичниот музички фестивал „Интерфест“ - Битола и настапите на Охридско лето (концерт со Борис Трајанов), потоа со улогата на Тимотеј во операта „Лидија од Македонија“ во Античкиот театар - Охрид.

Во Хераклеја во операта „Набуко“ со улогата на Исмаил. По покана на Италијанската амбасада во Р. Македонија, на Марјан му е укажана честа да настапува на свечениот концерт со кој е одбележана 100-годишнината од смртта на големиот Џ.Верди. На многу концерти настапува со проф. Милица Шперовиќ и проф. Кирил Рибарски. Во 2007 г. има свој концерт во Салон 19,19.

Години наназад учествува на Мајските оперски вечери. Во ноември 2009 г. во Даут Пашин амам на Есенските музички денови, Марјан има свој рецитал. На 16 април 2010 г. е поканет да гостува на класичниот фестивал за оперски пејачи од целиот свет, со свој целовечерен концерт, во Гирона (Шпанија), каде што Марјан има огромен успех. На Марјан му е укажана честа да учествува во подготовките на операта „Магбет“, која за првпат се подготвува кај нас, во главната тенорска улога Магдаф, со која тој се претстави во одлично светло на премиерното изведување на Мајските оперски вечери. Марјан

и понатаму продолжува со неговото творење, но и со педагошка работа на Музичката академија во Штип, каде што работи како хонорарен професор по соло пеење. Круна на неговото усовршување е неговото магистрирање со највисока оценка 10,00 во класата на м-р Весна Гиновска-Илкова во мај 2017 година.

**Општи услови за избор:**

1. Дипломира на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Вокално-инструментален оддел, и се здобива со високо образование - дипломиран музички изведувач (соло пеење), со просек 9,46.
2. Магистрира во соодветната научна област – универзитетски студии по музичка интерпретација и композиција и се стекнува со научен назив магистер по музички уметности, со просек 10.00.
3. Кандидатот е со звање насловен доцент.
4. Изведба на пет целовечерни концерти (во земјава или во странство):

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Датум на изведба на концертот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Марјан Николовски | Целовечерен, солистички концерт (ред.бр. 10) | Концерт на Марјан Николовски во Салон 19,19 - Скопје | 26.11.2007 год. |
| 2 | Марјан Николовски и Марија Вршкова | Целовечерен, солистички концерт (ред.бр.11) | Концерт на Марјан Николовски, Даут Пашин амам | 23.11.2009 год. |
| 3 | Марјан Николовски и Милица Шперовиќ | Целовечерен солистички концерт (ред.бр.21) | Концерт на Марјан Николовски во Гирона - Шпанија | 16.4.2010 год. |
| 4 | Марјан Николовски | Целовечерен солистички концерт - рецитал (ред.бр.18) | Концерт - рецитал на Марјан Николовски во МОБ | 7.3.2012 год. |
| 5 | Марјан Николовски и Камерен оркестар на Битола | Целовечерен солистички концерт (ред.бр.2) | Концерт на Марјан Николовски и Камерниот оркестар на Битола – Концерт на руски арии и романси | 4.4.2016 год. |

- Признаени уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава;
- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик;
- Способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови**

Од 2015 година м-р Марјан Николовски работи како хонорарен професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и предава Соло пеење.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во текот на периодот од 1999 г. до 2017 г. м-р Марјан Николовски има реализирано повеќе од 120 солистички настапи во земјава и во странство.

Сите настапи се соодветно документирани и верифицирани, и се приложени кон апликацијата.

Кандидатот м-р Марјан Николовски има остварено три главни тенорски солистички улоги, кои биле премиерно поставени и изведени на Мајските оперски вечери во МОБ.

Тој, исто така, има остварено десетина втори теноски улоги, во кои исто така учествувал на премиерните изведби. Има остварено десетина солистички концерти во Македонија и еден целовечерен солистички концерт во Гирона (Шпанија). Како солист само во МОБ учествува на повеќе од дваесетина гала оперски концерти и на концерти, рецитали и полурецитали во траење од 20 до 60 минути. Исто така, има настапувано на концерт со скопски солисти, но и на бројни хуманитарни концерти.

Во 2012 г. промотивна турнеја на Марјан Николовски низ Македонија, настап со Универзитет „Гоце Делчев“.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**
**2017 г.**
12 април - „Турандот“ - МОБ, во улогата на L'imperatore Altoum.
31 мај - „Аида“ - МОБ, во улогата Гласник.

За време на Ковид-пандемијата сите настани беа откажани.

**2021 г.**
Во мај онлајн концерт на Мајски оперски вечери.
31 мај – „Аида“ на платото пред Националната опера и балет.

На крајот се изведува завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната детално наведена професионална активност на кандидатот доц. м-р Марјан Николовски се заклучува дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање наставник во насловно звање **насловен вонреден професор за наставно-научната област *вокално пеење*** на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, согласно со Законот за високо образование на Република Северна Македонија и Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатот преку остварените досегашни активности покажа способности за развивање на наставно-образовна дејност, за стручно-уметнички активности, преку активно концертирање и оперски изведби, како и организациско-развојни дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

За овој период веќе има пет дипломирани студенти.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет да го усвои нашиот предлог и го избере кандидатот м-р Марјан Николовски во звање **насловен доцент за наставно-научната област *вокално пеење*** на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Борис Трајанов, редовен професор, вработен на Музичката академија во Штип, претседател, с.р.**
**М-р Дејан Прошев, вонреден професор, вработен во НУ Национална опера и балет – Скопје, член, с.р.**
**Д-р Илчо Јованов, редовен професор, вработен на Музичка академија, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **6** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | 3x3 = 9 | | | | 9 |
| | Избор во звање доцент | 30 | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **39** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **11** | Одбранет магистерски труд | 1x4 = 4 | | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **4** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Член на Комисија за приемни испити | 5x2 | 10 | | | **10** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **10** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **53** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ – ОБОА И КАМЕРНА МУЗИКА НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1402-106/5 од 6.12.2022 година донесена на седницата на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област *видови инструменти – обоа и камерна музика* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- **д-р Бранко Павловски,** редовен професор од наставно-научната област видови на инструменти - кларинет, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
- **м-р Златка Митева**, редовен професор од наставно-научната област видови на инструменти - флејта, вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
- **м-р Гоце Мицанов,** редовен професор од наставно-научната област видови на инструменти - џез саксофон, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 9.11.2022 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Владимир Лазаревски, вонреден професор по обоа и камерна музика на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот констатираме дека се доставени сите потребни документи согласно со објавениот Конкурс и чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Владимир Лазаревски** завршува нижо музичко училиште во Скопје во 1992 година. Своето средно образование, од 1994 до 1998 година, го продолжува во Музичко-балетскиот училиштен центар „Илија Николовски-Луј“ во Скопје - инструмент обоа. Студира на Националната музичка академија „Панчо Владигеров” во Софија, во класата по обоа на проф. Георги Желјазов, каде што дипломира и магистрира во 2003 година. Една година подоцна Лазаревски добива целосна стипендија од Музичката академија „Лонџи” во Бостон, САД, каде што заминува да се усовршува како соло и камерен музичар изведувач. Таму студира во класите на проф. Вејн Рејпиер и проф. Марк МекЕван, врвни обоисти на оркестарот на Бостонската филхармонија, каде што ги заокружува своите постдипломски студии во 2006 година. Во 2007 година, Владимир добива целосна стипендија за студирање бизнис администрација и во 2009 година се здобива со звањето магистер по бизнис администрација од Универзитетот „Курт Бош“ во Сион, Швајцарија. Во 2010 година, Владимир се запишува на докторски студии по камерна музика на Националната музичка академија „Панчо Владигеров” во Софија, Р. Бугарија и на 26 февруари 2013 година Владимир Лазаревски го заокружува своето образование и се здобива со научен степен доктор на музички науки и музичка уметност, област камерна музика (обоа).

Својот музички профил Владимир го усовршува на многубројни семинари и мајсторски класови кај еминентни обоисти, како Инго Горицки, Давид Валтер, Паул Гуди, Хелмут Мецера и др. Носител е на неколку музички награди меѓу кои се издвојуваат: Наградата „Виртуози“ за најдобар камерен ансамбл во 2012 како член на квартетот „Мјузик

прогресив“, лауреат на Меѓународниот музички натпревар „Алегро Виво“ во Австрија во 2002 г., трета награда на Меѓународниот натпревар „Земјата и луѓето” во Бугарија во 2001 г., како и две први награди од државните музички натпревари во Македонија во 1996 и 1997 година.

Владимир Лазаревски има бројни настапи на музички фестивали во земјава и во странство, како: „Гдањско музичко лето“ во Полска, „Моцартеум“ и „Алегро Виво“ во Австрија, „Бостонски музички вечери“ во САД, Фестивалот „Дартингтон“ во Англија, „Блуз и џез рели“ во Луксембург, „Денови на славјанска писменост“ во Москва, „Денови на славјанска писменост“ во Рим, „Скопско лето“, „Интерфест“, „Денови на македонската музика“, „БИТфест“, „Штипско лето“, „Балкан класикал мјузик фестивал“, „Модоарс“ и др. Секако, на ова се приклучуваат и настапите како солист со оркестар и тоа со: Македонската филхармонија (1998, 2012, 2015, 2021), со ансамблот „Арс Барока“ во Софија, Битола и Крива Паланка (2003, 2013, 2015), со Академскиот симфониски оркестар во Бугарија (2012) и со оркестарот на West Coast symphony од Канада во Македонија и во Канада (2012, 2013, 2016).

Како обоист и солист на англиски рог свирел во составот на голем број ансамбли како: Македонската филхармонија, Македонската опера и балет, Сараевската филхармонија, Симфониските оркестри во Пазарџик и Враца, Р. Бугарија, Нов симфоничен и Академскиот симфоничен оркестар во Софија, Камерниот оркестар на Лонџи, САД, Колегиум-музикум банкја - Софија, Симфонискиот оркестар „Варненско - Мазурски“ - Полска, Ансамбалот за современа музика „Контемпора“, Симфонискиот оркестар за филмска музика „ММЕ“ при МРТ и др.

Во 2009 година Владимир го издаде своето ЦД првенец со пијанистката Милица Шкариќ со дела од современи славјански композитори, како и првото ЦД со музичкиот камерен квартет „Мјузик прогресив“. Негова изведба на дело од проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска е издадено и на ЦД од СОКОМ. Во 2013 година Владимир го издаде своето второ ЦД со пијанистката Милица Шкариќ со композиции од композиторот Хиндемит, како и второто ЦД со музичкиот камерен квартет „Мјузик прогресив“. Во 2021 г. НУ Филхармонија во соработка со продуцентската куќа „Контемпо“ го издадоа цедето со наслов „Филхармонија во срцето“, каде што како солист на обоа настапува Владимир Лазаревски.

Од октомври 2014 година до денес, Владимир Лазаревски е во постојан редовен работен однос како прв обоист во НУ Македонска филхармонија. Како наставник по обоа и камерна музика (доцент и вонреден професор) е ангажиран на Музичката академија при државниот Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип од формирањето до денес. Исто така, Владимир во моментов е ангажиран како хонорарен музички соработник и на Факултетот за уметности при ДУТ, Ансамблот за современа музика „Контемпора“, како и Симфонискиот оркестар за филмска музика „FAME'S“. Од 2011 до 2014 година ја извршува и функцијата претседател на Управниот одбор на НУ „Македонска филхармонија“.

Лазаревски е автор и на рецензирана скрипта со наслов „Анализа и интерпретациски проблеми при камерното музицирање во квинтетот за обоа и гудачи од Арнолд Бакс“, која ја издаде за потребите на Универзитет „Гоце Делчев“.

Од 2009 година е редовен член на стручните тимови за изработка на наставни програми по: Обоа, Камерна музика, Прима виста, Водење училишни оркестри, Втор инструмент и Оркестарска литература за државните основни и средни музички училишта во Р. Македонија при БРО на РМ, како и член на Националната комисија за учебници при Владата на РМ од 2010 до 2013 година.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во насловно звање насловен вонреден професор од областа на музичката уметност за стручно-уметничките предмети:***

Насловно звање насловен вонреден професор од научната област во која се избира со диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен музички науки или музички уметности

Кандидатот проф. д-р Владимир Лазаревски е избран во звањето доцент на 13.3.2008 година. По истекот на доцентскиот стаж, кандидатот д-р Лазаревски е избран во звањето вонреден професор по наставно-научната област видови инструменти – обоа и камерна музика на Музичката академија при УГД на 5.12.2012 година од страна на Наставно-научниот уметнички совет на МА во Штип и повторно е избран во звањето насловен вонреден професор по наставно-научната област видови инструменти – обоа и камерна музика на Музичката академија при УГД на 17.10.2017 година од страна на Наставно-научниот уметнички совет во Штип. На Конкурсот тој има приложено оригинални дипломи и тоа: доктор на музички науки и музичка уметност, област камерна музика (обоа) стекната на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија, Р. Бугарија; диплома магистер на музичка уметност – музичар изведувач - обоист стекната на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија, Р. Бугарија; диплома дипломиран музичар изведувач – обоист стекната на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија, Р. Бугарија. Покрај оригиналните дипломи за докторски, магистерски и дипломски студии согласно со дополнителниот услов од Конкурсот, кандидатот има приложено нострифицирани дипломи издадени од МОН на РМ, како и еквиваленција на оценките издадени исто така од МОН на РМ.

2. Изведба на шест целовечерни концерти (во земјава или во странство)

Кандидатот проф. д-р Владимир Лазаревски има приложено концертни програми за изведба на 8 целовечерни концерти (во земјава и во странство) и 1 групен настап на концерти во траење до 30 минути.

Концертите се реализирани во периодот од јуни 2017 година до октомври 2022 година и сите се наведени во поглавјето за научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности со линкови од репозиториумот на УГД.

3. Има придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници

Дипломираните обоисти и музичари изведувачи од класата по обоа и камерна музика на проф. д-р Владимир Лазаревски веќе работат како наставници по обоа и камерна музика во музичките училишта во РМ.

4. Покажува способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност

Проф. д-р Владимир Лазаревски успешно изведува настава на додипломските и магистерските студии на Вокално-инструменталниот оддел при Музичката академија во Штип по предметите: Обоа, Камерна музика, Методика на настава по дувачките инструменти и Камерна вокална музика.

Лазаревски е актуелно хонорарно ангажиран како наставник по Обоа и камерна музика на Факултетот за уметности при ДУТ.

Лазаревски бил ментор на кандидати-магистранди.

Лазаревски е член на тимот кој ги креира наставните програми на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Штип.

5. Има издаден рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната област објавена во е-библиотеката

Лазаревски е автор на рецензирана скрипта за потребите на Универзитет „Гоце Делчев“ со наслов „Анализа и интерпретациски проблеми при камерното музицирање во квинтетот за обоа и гудачи од Арнолд Бакс“.

6. Има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветните единици на Универзитетот

Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО) =30, (НИ) =38, (САОР) = 7 или вкупно 75 поени.

***Наставно-образовна дејност***

Од 17 октомври 2017 година проф. д-р Владимир Лазаревски е избран за насловен вонреден професор за наставно-научната уметничка област обоа и камерна музика на Музичката академија при УГД - Штип. Претходно е избран за вонреден професор во истата уметничка област во 2012 година, а пред тоа е избран како доцент во 2008 година на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

- Лазаревски е автор на рецензирана скрипта за потребите на Универзитет „Гоце Делчев“ со наслов „Анализа и интерпретациски проблеми при камерното музицирање во квинтетот за обоа и гудачи од Арнолд Бакс“.
- Лазаревски е автор на интерна скрипта за предавање за потребите на Универзитет „Гоце Делчев“ по предметот Методика на наставата по дувачки или гудачки инструменти.
- Лазаревски бил ментор на двајца дипломци на прв циклус студии на Музичката академија при УГД и ментор на двајца магистранди на истата.
- Од последниот избор во звање во 2017 година до денес на Музичката академија при Вокално-инструменталниот оддел тој ги предава предметите: Обоа, Камерна музика, Методика на наставата по дувачките инструменти и Вокално камерна музика. Додека на Факултетот за уметности при ДУТ тој ги предава предметите Обоа и Камерна музика.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Од јуни 2017 година до октомври 2022 година, проф. д-р Владимир Лазаревски изведува 8 целовечерни солистички и камерни концерти во признаени сали и еден настап на групен концерт. Целовечерните концерти се наведени подолу (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под реден број 6 за вкупен број поени од овие концерти):

1. Целовечерен концерт на Камерен дует „Македониум“ на Фестивалот „Вишко лето“ во Хрватска. Програма: Вивалди, Телеман, Кванц; 5.7.2017 г.
(линк од репозиториум https://eprints.ugd.edu.mk/18765/ )

2. Целовечерен концерт на Камерно-дувачки квинтет „Контемпора“ во МЦ Галерија во Њујорк, САД, во чест на 70 години СОКОМ. Програма: Големинов, Таири, Ѓимар, Џамбазов, Велковска-Трајановска, Стојков; 21.10.2017 г.
(линк од репозиториум https://eprints.ugd.edu.mk/18506/ )

3. Целовечерен концерт на камерниот квартет „Мјузик прогресив“ на Меѓународниот фестивал „Темпието“ во Рим, Италија. Програма: Телеман, Шостакович, Илиевски, Виденовиќ, Гавриловски; 12.6.2018 г.
(линк од репозиториум https://eprints.ugd.edu.mk/21301/ )

4. Целовечерен концерт на дувачкиот квинтет „Контемпора“ на 44. издание на Денови на македонска музика во Музеј на македонската борба. Програма: Гавриловски, Велковска-Трајановска, Бранџолица, Стојков; 15.1.2021 г.
(линк од репозиториум https://eprints.ugd.edu.mk/28616/ )

5. Солист со НУ „Филхармонија“, насловен „Камерна приказна“, 20 часот. Програма: А. Хонегер-Кончерто да камера H 196 за флејта, англиски рог и гудачки оркестар (линк од репозиториум, https://eprints.ugd.edu.mk/30836/); 8.4.2021 г.

6. Целовечерен концерт на Дувачкиот квинтет „Phil-harmonic“ во концертната сала Димитар Ненов, Софија, Бугарија. Програма: Хајдн, Фаркаш, Бранџолица, Стравински, Големинов (линк од репозиториум https://eprints.ugd.edu.mk/30933/);2.6.2021 г.

7. Целовечерен концерт на Дувачкиот квинтет „Phil-harmonic“ во Музеј на македонската борба. Програма: Хајдн, Фаркаш, Бранџолица, Стравински, Големинов (линк од репозиториум https://eprints.ugd.edu.mk/30932/); 9.6.2021 г.

8. Солист со НУ „Филхармонија“ насловен „Филхармонија во срцето“, 20 часот. Програма:.Томислав Зографски – Класична суита за флејта, обоа и гудачки оркестар (линк од репозиториум https://eprints.ugd.edu.mk/30832/); 18.11.2021 г.

Настапи на групни концерти (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под реден број 7 за вкупен број поени од овие концерти):

1. Камерен концерт на ансамблот „Контемпора“ на 41. издание Денови на македонска музика во Музеј на Град Скопје. Програма: Гавриловски, Велковска-Трајановска, Пандевска; 31.3.2018 г.
(линк од репозиториум https://eprints.ugd.edu.mk/21494/)

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во 2021 година, НУ Филхармонија во соработка со Контемпо го издадоа носачот на звук насловен „Филхармонија во срцето". Како солист на обоа во изведба на „Класичната суита" од Томислав Зографски настапува Владимир Лазаревски. Изданието е достапно на линкот од репозиториумот на УГД: https://eprints.ugd.edu.mk/30835/

Проф. д-р Лазаревски е редовен член на комисиите за приемни испити и завршни испити по предметот: Обоа, Флејта и Кларинет на Вокално-инструменталниот оддел на додипломските и постдипломските студии. Тој е дел и од тимот кој ги изработува студиските програми за матичен инструмент на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Штип (види табела Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност под реден број 28 за поени).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски гласник бр. 31 од 16 мај 2014), како и по деталното разгледување на комплетната доставена документација наведена во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот проф. д-р Владимир Лазаревски ги има остварено потребните поени кои се однесуваат на наставно-образовната дејност, научноистражувачката дејност и стручно-уметничките активности, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност или вкупно 130 поени (НО+НИ+САОР=70+46+14) од неопходниот минимум од 75 поени.

Преку анализата и оценката на сите наведени постигнувања во периодот од јуни 2017 година до денес може да се констатира дека проф. д-р Владимир Лазаревски остварува континуиран развој и постигнува значајни резултати во неговите наставни области.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да го усвои нашиот предлог и го избере кандидатот **д-р Владимир Лазаревски во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област *обоа и камерна музика* на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Бранко Павловски, редовен професор, претседател, с.р.**
**М-р Златка Митева, редовен професор, член, с.р.**
**М-р Гоце Мицанов, редовен професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА КАНДИДАТОТ Д-Р ВЛАДИМИР ЛАЗАРЕВСКИ**

| **Р.бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Поени** | | | Вкупно |
| | | | | | | |
| **5.** | Избор во звање вонреден професор | број 40 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40 поени** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | **Во странство** | | **Поени** | Вкупно |
| | | **број** | | **поени** | | **број** |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба (14 целовечерни концерти) | 4x3 =12 | 4x6 =24 | 36 | | 36 |
| **7** | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт (еден настап на групен концерт) | 1x2 | | 2 | | 2 |
| | | | | | | |
| **10.** | **ВКУПНО** | | | | | **38 поени** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | **Во странство** | | **Поени** | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | | |
| | Издаден компакт диск | 1x6 | 6 | | | 6 |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија (шеф на Катедрата за дувачки инструменти, комисија за приемни испити по обоа, комисии за завршни испити по обоа, камерна музика, вокална камерна музика на ВИ оддел, комисија за постдипломски студии по обоа) | 4x2 | 8 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **14** |
| | **ВК. БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **92 поени** |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „АНАЛИЗА НА ФОРМИТЕ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА КОРПОРАТИВНИОТ СЕКТОР И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" ОД М-Р ЕЛМЕДИНА ШУАЈИБИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип на својата 61. седница, одржана на 10.2.2023 год., донесе Одлука со која се формира Рецензентска комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов **„Анализа на формите на финансирање на корпоративниот сектор и нивното влијание врз економскиот развој, со посебен осврт на Република Северна Македонија"**, пријавена и изработена од кандидатката м-р Елмедина Шуајиби, во состав:

- **проф. д-р Емилија Митева-Кацарски** – претседател (Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип);
- **проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска** – ментор и член (Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип);
- **проф. д-р Пеце Николовски** – екстерен ментор и член (Економски факултет, Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола);
- **проф. д-р Љупчо Давчев** – член (Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип);
- **проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов** – член (Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип).

Комисијата во наведениот состав, по прегледување на докторската дисертација, го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Структура на трудот**

Докторската дисертација е презентирана на 131 страница и ги содржи следниве делови: Дел 1 – Предмет на истражување и методолошка рамка; Дел 2 – Теоретски основи на корпоративното финансирање; Дел 3 – Анализа на формите на финансирање на корпоративниот сектор во Република Северна Македонија; Дел 4 – Емпириски дел на истражувањето; Заклучоци и препораки; Листа на графикони и табели; Користена литература. Докторскиот труд содржи 8 табели и 11 графикони и екстензивна листа на користени библиографски единици.

**Предмет и цели на истражувањето**

Предмет на истражување во оваа докторска дисертација се начините на финансирање на корпоративниот сектор и нивното влијание врз економскиот развој, со посебен осврт на состојбата во Република Северна Македонија.

Изворите на финансирање претставуваат една од детерминантите за опстанок и раст на корпоративниот сектор. Основањето и ширењето на бизнис активностите, односно развојот на новите производи, услуги и инвестиции, опремата и човечките ресурси, директно се условени од можностите на бизнисот да ги задоволи потребите за капитал.

Финансирањето на корпоративниот сектор не подразбира само активности на обезбедување на финансиски средства, туку и на финансиско планирање, финансиска евиденција, финансиска анализа и контрола. За да се постигнат дефинираните цели на работењето на една компанија, неопходна е правилна проценка на потребните финансиски средства, како и изворите од кои истите ќе бидат обезбедени. Претприемачкиот потфат некогаш е тешко да се оствари поради недостатокот на капитал, но познато е тврдењето дека „секогаш е можно да се дојде до средства за добри проекти".

Главната цел на докторската дисертација е да се опише, анализира и оцени структурата на корпоративниот сектор во Македонија, формите и облиците на финансирање на истиот, како и причинско-последичната врска помеѓу нивото на финансирање на овој сектор и економскиот раст на земјата. Практичното истражување започнува со анализа на стапките и нивото на финансирање на корпоративниот сектор преку различни форми на финансирање (интерни и екстерни), како што се програмите и стратегиите на државата за финансирање на корпоративниот сектор, продолжува со анализа на ефикасноста и пристапноста на корпоративниот сектор до овие извори на финансирање, за да на крајот се направи обид за оценка на нивното влијание врз економскиот раст на земјата.

**Методологија на истражување**

За да се постигнат поставените цели на истражувањето, поставени се неколку истражувачки прашања:

Кои форми и облици на финансирање на корпоративниот сектор постојат во практиката, а кои доминираат во Македонија?

Каква и колкава е пристапноста до извори на финансирање на корпоративниот сектор во Македонија?

Како и колку стапката на финансирање на корпоративниот сектор влијае врз економскиот раст на земјата?

Тргнувајќи од предметот, целите и задачите на истражувањето на оваа докторска дисертација, како и од фактот дека многу претходно спроведени студии покажуваат поврзаност на нивото на финансирање на корпоративниот сектор и економскиот раст на земјата, поставена е и следната хипотеза на истражувањето:

Х1: Системската и структурна поставеност на системот на финансирање на корпоративниот сектор, преку достапноста на различните форми и облици на финансирање, значително влијае врз развојот на овој сектор, а со тоа директно и врз економскиот раст во Република Македонија.

Докторската дисертација ги анализира односот и влијанието што го имаат формите и облиците на финансирање на корпоративниот сектор врз економскиот раст во земјата, користејќи три типа методи:

(1) теоретска анализа на формите на финансирање на корпоративниот сектор;

(2) дескриптивна анализа на макроекономската состојба во Македонија, на структурните економски реформи и политиките на државата во делот на корпоративниот сектор и идентификување на проблемите со кои се соочува истиот;

(3) емпириска анализа, користејќи регресивен модел заснован на методот на тест за каузалност и на коефициенти на корелација, заради идентификување на односите помеѓу испитуваните променливи.

**Анализа на одделните делови од докторската дисертација**

Првиот дел од докторската дисертација се однесува на формулација на предметот на истражување и дефинирање на методолошката рамка. Финансирањето на корпоративниот сектор во суштина е поврзано со користење и манипулација со парите. Обезбедувањето пари за започнување бизнис претставува еден вид финансирање. Овие пари се нарекуваат капитал за започнување бизнис. Финансиската функција на компаниите посебно е одговорна за прибирање на парични средства и финансирање на развојните проекти. Вообичаени облици на финансирање се самофинансирање, финансирање со заеднички вложувања, кредитирање и специфични облици на финансирање. Во специфичните облици на финансирање спаѓаат: финансирање од спонтани или автономни извори, факторинг финансирањето, форфетинг финансирањето, финансирањето преку лизинг аранжмани и финансирањето со франшиза.

Вториот дел ја содржи теоретската разработка на поимот корпоративно финансирање. Корпоративното финансирање во основа се сведува на инвестирање и донесување финансиски одлуки во компаниите. Покрај потребата од понуда на пазарот на квалитетни производи и услуги, секоја компанија мора да биде успешна и во финансирањето, што значи дека треба да донесе ефикасни инвестициски и финансиски одлуки, бидејќи токму

тие се факторот што осигурува дека компанијата е чекор понапред од конкуренцијата. Донесувањето добри инвестициски и финансиски одлуки е главната задача на финансиските менаџери, поради што подетално го објаснуваме значењето на процесот на донесување на тие одлуки.

Целта на модерното корпоративно финансирање често се дефинира како максимизирање на вредноста (профитабилноста) на компанијата, со одржување на задоволително ниво на тековна ликвидност. Во овој поглед, од суштинско значење е сите оперативни цели, стратегии, процеси, аналитички техники, пристапи за мерење на перформансите, организациско однесување и култура во компанијата, да бидат подредени на таа цел.

Делот 3 ги анализира формите на финансирање на корпоративниот сектор во Република Северна Македонија. Во отсуство на подетални статистички податоци за кредитите на малите и средни претпријатија, овој дел ги презентира податоците за кредитите одобрени од банките на севкупниот корпоративен сектор во Македонија, давајќи индикативна слика за случувањата во секторот за мали, средни и големи претпријатија. Домашните банки се доминантни во делот на финансирање на корпоративниот сектор. Според податоците на НБРСМ, зголемувањето на побарувачката за кредити од страна на претпријатијата главно била поттикната од нивната потреба за финансирање на резервите и инвестициите во останати обртни средства, а во помала мерка за фиксни инвестиции и реструктурирање на долгот. Според овие податоци, претпријатијата се заинтересирани за долгорочни заеми и кредити во домашна валута.

Во четвртиот дел, на почетокот од емпириското истражување, се анализираат деловните тенденции и индикаторите на доверба во корпоративниот сектор. Индикаторите на доверба во анкетите за мислењето на потрошувачите се пресметуваат како аритметичка средина од балансите (изразени во процентни поени) на одговорите на прашањата за финансиската состојба на домаќинствата, општата економска состојба на државата, очекувањата за невработеноста и штедењето во следните 12 месеци. Овие податоци можат да се користат при донесување на краткорочните деловни одлуки на деловните субјекти, како и водењето на краткорочната економска политика на земјата. Статистичките серии што се добиваат од ова истражување се особено поволни за набљудување на деловниот циклус и за прогнозирање.

Во продолжение на емпириското истражување се истражуваат ефектите на кредитирањето на корпоративниот сектор врз економијата на Република Северна Македонија. Генерално, финансискиот систем во Македонија се карактеризира со сиромашна финансиска инфраструктура, слаба поврзаност меѓу одделните сегменти и отсуство на сложени финансиски инструменти и услуги. Пазарот на капитал во Македонија се карактеризира со мал број нисколиквидни, капитални финансиски инструменти коишто се издаваат и со коишто се тргува на Македонската берза.

**Заклучни согледувања и препораки**

Домашниот корпоративен сектор има релативно едноставна структура на изворите на финансирање, во која недостасува пазарното финансирање, отсуствува емисија на должнички хартии од вредност и долгот главно се состои од меѓукомпаниски обврски, вклучително и обврски кон добавувачите, обврски кон нерезидентите и кредитна поддршка од банкарскиот систем.

Пазарот на капитал во Македонија се карактеризира со мал број нисколиквидни, капитални финансиски инструменти коишто се издаваат и со коишто се тргува на Македонската берза. Во последните 5 години дополнително се намали и онака малиот обем на емисии на долгорочни хартии од вредност на примарниот пазар на капитал, а причините за тоа лежат во недоволната заинтересираност на деловните субјекти за финансирање на развојното работење преку издавање на долгорочни финансиски инструменти, отсуството на стручен кадар кој би ја познавал целокупната процедура за мобилизација на потребните финансиски средства на ваков начин, недоволната информираност на јавноста за придобивките од инвестирањето на слободните финансиски средства во финансиски инструменти на берзата и сл. Акционерските друштва во Македонија најчесто остваруваат емисии на хартии од вредност преку приватни понуди.

Генерално, финансискиот систем во Македонија се карактеризира со сиромашна финансиска инфраструктура, слаба поврзаност меѓу одделните сегменти и отсуство на сложени финансиски инструменти и услуги. Имено, банкарските институции имаат доминантно учество во финансискиот сектор, како што е утврдено во првиот дел од емпириското истражување, каде што се констатира дека вкупните активи на банките во периодот од 2010 до 2021 г. се во постојан раст, посебно од кредитирањето на корпоративниот сектор, иако овие издавања на кредити немаат значаен придонес за економијата на корпоративниот сектор, во делот на деловните тенденции и индикаторот на доверба, како два значајни показатели на трендот на развојот на овој сектор во Македонија.

Согласно со заклучоците од анализата, главната хипотеза на овој труд Х1: Системската и структурна поставеност за пристапноста на формите и облиците на финансирање во корпоративниот сектор значително влијае врз развојот на овој сектор и со тоа директно влијае врз економскиот раст во Република Северна Македонија, се потврди делумно, што значи дека системската и структурна поставеност на пристапноста на корпоративниот сектор до различните облици на финансирање делумно влијае врз економскиот раст на Република Северна Македонија.

На крајот од истражувањето се содржани препораки за подобро функционирање на системот на финансирање на компаниите во Република Северна Македонија.

**Научен придонес на истражувањето**

Преку теоретската и практична разработка на поставените цели на истражувањето, кандидатот презентира значајни сознанија за современото корпоративно финансирање, како основа за работењето и развојот на компаниите, посебно во делот на анализата на структурата на финансирање на компаниите во Македонија. Добиените резултати од емпириското истражување на кандидатот му помогнале во сублимирање на листа на препораки за осовременување и подобрување на финансирањето на корпоративниот сектор во нашата земја.

Докторската дисертација на кандидатката Елмедина Шуајиби има значаен придонес во разработка на современото корпоративно финансирање и во анализа на финансирањето на компаниите во Република Северна Македонија. Посебен придонес имаат препораките кои кандидатката ги извлекува како заклучок од спроведените емпириски истражувања, а чија примена би овозможила подобрување на финансирањето на компаниите во земјата, а со тоа и забрзување на економскиот развој.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторската дисертација**

Кандидатката Елмедина Шуајиби ги има објавено следниве научноистражувачки трудови:

1. „Проблематичните (нефункционални кредити) и нивното влијание на економскиот раст на Република Северна Македонија", The Herritage, ISSN 1857-7482, International university Struga, 2022;
2. „Supporting small and medium enterprise and entrepreneurship-The case of North Macedonia", International Journal of Scientific papers, Knowledge, ISSN 2545-4439, Vol. 35.5., Скопје, 2019 год.;
3. „Porter's model of 5 forces: Porter's model of the company Forma Nova", Knowledge – International Journal of Scientific papers, Vol 31. No.5 (2019), ISSN 2545-4439;
4. „Methods and techniques for efficient strategic planning", International Journal of Scientific papers, Knowledge, ISSN 2545-4439, Vol. 22.3. 2018;
5. „Состојба и перспективи на малите и средни претпријатија во Република Македонија", The Herritage, ISSN 1857-7482, International university Struga, 2018.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов „Анализа на формите на финансирање на корпоративниот сектор и нивното влијание врз економскиот развој, со посебен осврт на Република Северна Македонија", изработена од кандидатката Елмедина Шуајиби, донесе заклучок дека истата претставува оригинално научно истражување, со значајни резултати и препораки.

Презентираниот материјал во докторската дисертација и спроведените практични истражувања и економетриски анализи, врз кои се темелат заклучните согледувања и препораки од кандидатката, претставуваат значаен придонес во научната литература која ја третира проблематиката на финансирањето на корпоративниот сектор во Република Северна Македонија.

**Врз основа на горенаведеното, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Анализа на формите на финансирање на корпоративниот сектор и нивното влијание врз економскиот развој, со посебен осврт на Република Северна Македонија", изработена од м-р Елмедина Шуајиби и да одобри јавна одбрана на истата.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Емилија Митева-Кацарски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, ментор и член, с.р.**
**Проф. д-р Пеце Николовски, екстерен ментор и член, с.р.**
**Проф. д-р Љупчо Давчев, член, с.р.**
**Проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов, член, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ПРАКТИЧЕН ПРИСТАП ВО КЛИНИЧКА УРОЛОГИЈА“ ОД НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ Д-Р МАЈА СОФРОНИЕВСКА-ГЛАВИНОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2002-34/35 од 295. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 23.1.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Јован Ивчев, вонреден професор на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
- д-р Сотир Ставридис, вонреден професор на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ПРАКТИЧЕН ПРИСТАП ВО КЛИНИЧКА УРОЛОГИЈА**” од **насловен доцент д-р Маја Софрониевска-Главинов,** наменет за студентите на прв и втор циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Приложениот ракопис е дел од Годишниот план и програма за издавачка дејност на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, усвоен за издавање во 2023 година. Приложениот ракопис за рецензија е во согласност со Наставната програма за предметот Урологија и ја опфаќа наставната содржина предвидена во студиската програма за којашто е наменет, а може да се користи и од студентите на други студиски програми кои го слушаат овој предмет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот се состои од 98 страници во А4 формат, поделени во 8 поглавја, со наведени прилози, односно 40 слики и 8 табели. Презентираните табели и слики прегледно ги прикажуваат најважните компоненти од секое поглавје од наставните единици на овој предмет. Во делот за користена литература се цитирани 20 референци од релевантни извори, актуелни во областа, кои се со најнов датум. Според обемот на содржината, соодветно на фондот на часови, ги задоволува критериумите за објавување на рецензиран практикум во електронска форма според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” и овозможува комплетно покривање на предметната програма.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** На Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во е-библиотека, нема објавено учебно помагало со ист ваков наслов. Објавени се практикум и скрипта по урологија во е-библиотека на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во 2022 година, кои се цитирани во *користена литература* при изработка на овој практикум, кој се надоврзува и ги надополнува истите од клинички аспект. Презентираното учебно помагало одговара на предметната програма по предметот Урологија на студиската програма Општа медицина, акредитирана на Факултетот за медицински науки и како такво ќе биде важна литература наменета за студентите.

Во практикумот на кратко се сумирани најважните податоци од клиничкиот пристап во препознавање на симптомите и знаците на уролошките болести и нивното дијагностицирање. Во практикумот се изнесени и актуелни новини од оваа дисциплина и тоа преку консултирање на нови неодамнешно објавени библиографски податоци и понови изданија на ревидираните учебници за урологија.

**Краток опис на содржината:** Овој практикум се состои од вовед и осум поглавја кои имаат за цел концизно да ги наведат клучните аспекти на историјата на болест и иследувањата за секој вообичаен уролошки симптом и/или знак.

При неговата изработка се користени податоци, алгоритми и сознанија од најновата современа светска литература, литература издадена од домашни еминентни автори, како и сопствените искуства во клиничкиот пристап на пациентите со уролошка патологија.

Практикумот е систематизиран на начин кој ќе им овозможи на студентите лесно меморирање на материјата и е адаптиран како водич во секојдневната клиничка пракса.

Практикумот започнува со кратка содржина која ги опфаќа сите теми и поттеми за информирање на студентите, по што следи краток предговор. Во него се истакнуваат важноста на клиничкиот пристап во дијагностицирање на уролошките пациенти и препознавањето на симптомите и знаците на уринарните болести.

По предговорот е даден краток вовед во кој накратко се објаснети дефинициите за болест и карактеристиките на болеста.

Во првото поглавје ***Анамнеза*** авторката дава детално објаснување на земање податоци од пациентот и пластично ја објаснува важноста на секој податок.

Второто поглавје ***Симптоми на уринарните болести*** ги дефинира и ги опишува подетално сите симптоми кои се најчеста поплака на уролошките пациенти, давајќи акцент на објаснувањето низ примери која е разликата помеѓу симптом и знак на болеста. Се состои од пет потпоглавја кои ја дефинираат болката и видовите на болка во зависност од анатомската локализација и ги разграничуваат машките од женските симптоми и симптомите на метастатска болест.

Во третото поглавје ***Знаци на уринарните болести*** се дефинирани знаците на уринарните болести и се состои од шест потпоглавја кои имаат за цел да ги систематизираат знаците на уролошките заболувања, да ги објаснат причините за нивно појавување, како и начинот на нивно дијагностицирање и третман од практичен клинички аспект.

Четвртото поглавје ***Физикален преглед*** ја опишува важноста на општите принципи на добар физикален преглед кај уролошките пациенти и се состои од потпоглавја кои детално го објаснуваат физикалниот преглед по анатомски целини, пластично објаснувајќи ја важноста и целта на прегледот, но и низ слики ги прикажува техниките.

Петтото поглавје ***Клинички карактеристики на туморски маси*** ја дефинира и ја објаснува важноста на дијагностицирање на туморските структури по анатомски сегменти. Се состои од три потпоглавја кои се осврнуваат на анатомските и клинички карактеристики на патолошката маса, но и на специфичните дијагностички пристапи.

Шестото поглавје ***Акутна бубрежна инсуфициенција*** ги опишува етиологијата и клиничката манифестација на акутната бубрежна инсуфициенција со цел да се добие увид во разликата од акутна уринарна ретенција и да се препознае правовремено.

Во седмото поглавје ***Хронична бубрежна инсуфициенција*** авторката ја објаснува етиологијата, патофизиологијата и третманот како би се направила дистинкција од уринарните болести.

Во осмото поглавје ***Евалуација на случај во урологијата*** е дадено детално објаснување на патеката по која треба да се раководи докторот при клиничкиот преглед на уролошкиот пациент. Дадени се насоки на редоследно упатување на пациентот на соодветни дијагностички постапки и процедури и објаснета е нивната важност.

**ЗАКЛУЧОК**

Ракописот „Практичен пристап во клиничка урологија“ е наменет за студентите од студиската програма Општа медицина на Факултетот за медицински науки и се однесува на практичната едукација на студентите од истоимениот предмет. Се очекува дека ова учебно помагало – практикум ќе им помогне на студентите во запознавањето, совладувањето и систематизирањето на практичните знаења и вештини од оваа медицинска и хируршка област.

Предложениот ракопис за практикум „Практичен пристап во клиничка урологија” на систематичен, едноставен и пристапен начин ги елаборира редоследно чекорите во клиничкиот пристап кон уролошките пациенти, со што на студентите ќе им овозможи лесно, концизно и едноставно совладување на содржините по предметот. Содржините кои се опфатени во него ќе дадат голем придонес во текот на едукацијата и ќе обезбедат идните здравствени работници да се здобијат со базични и напредни познавања за добар практичен пристап во дијагностицирањето и третманот на уролошките пациенти. Практикумот би можеле да го користат и студентите од другите студиски програми на Факултетот за медицински науки, а понатаму и дипломираните студенти, како брз прирачник за потсетување на материјата од оваа област.

Согласно со нашиот презентиран извештај, со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да го прифати ракописот со наслов „Практичен пристап во клиничка урологија” од насловен доц. д-р Маја Софрониевска-Главинов и истиот да биде објавен како учебно помагало - практикум во електронска форма за студентите на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Јован Ивчев, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Сотир Ставридис, вонреден професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „ФОКАЛОЗИ” ОД ПРОФ. Д-Р НАТАША ЛОНГУРОВА, ПРОФ. Д-Р ИВОНА КОВАЧЕВСКА И АСИС. Д-Р ОЛИВЕРА ТЕРЗИЕВА-ПЕТРОВСКА,ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2002- 34/34 од 295. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 23.1.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Вера Стојановска, вонреден професор, Стоматолошки факултет, Европски универзитет, Скопје;
– д-р Катерина Златановска, вонреден професор, Факултет за медицински науки, Дентална медицина, Универзитет„ Гоце Делчев” - Штип

за изготвување на извештај, рецензија, на приложениот ракопис за учебник

„**Фокалози”** од проф. д-р Наташа Лонгурова – вонреден професор, проф. д-р Ивона Ковачевска – редовен професор и м-р д-р Оливера Терзиева-Петровска - асистент, наменет за студентите на прв циклус студии на студиската програма Дентална медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Фокалози“ ги содржи теоретските наставни содржини кои се реализираат по предметот Фокалози, во десетти семестар, со фонд на часови 2+1+1 и 2 кредити на Студиската програма Дентална медицина 2013/2014 г. Во него концизно се класифицирани и опфатени наставните содржини предвидени со студиската програма за теоретска настава што се реализира на предавањата по Фокалози. Овие предметни теоретски содржини се категоризирани во поглавја кои соодветствуваат со предвидените програмски единици.

**Податоци за обемот на ракописот:** Приложениот ракопис за учебник „Фокалози“ содржи 130 страници, 73 фотографии, конципирани во посебни теоретски наставни единици, кои потполно кореспондираат со наставните содржини по предметот Фокалози, со фонд на часови 2+1+1, во релација со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракописот за учебник „Фокалози“, во моментот, во Република Северна Македонија претставува единствен од овој вид и истиот е наменет за студентите од студиската програма Дентална медицина.

**Краток опис на содржината:** Во *првата наставна единица* која има воведен карактер авторите ги елаборираат терминологијата на предметот и даваат насока со што се претставува предметот Фокалози. Исто така, тие ги набројуваат задачите и деловите кои ги проучува предметот, како и тоа од кога потекнуваат првите документи за фокална инфекција.

*Втората наставна единица* ги опфаќа историјатот на фокалната инфекција, првите извештаи за фокус како причинител за одредени заболувања кои потекнуваат од времето на Хипократ; потоа низ годините секој научник давал свој став и придонес во објаснувањето на фокалната инфекција и доаѓањето на период во кој се појавуваат неколку теории за развој на фокалните инфекции.

Во *третата наставна единица* се дава акцент на терминот фокал супстанции или уште наречени жаришни супстанции, којшто ги опфаќа етиолошките фактори кои доведуваат до

влошување на општото системско здравје или влошување на веќе постоечкото системско заболување. Исто така, ја објаснуваат класификацијата на оралните фокуси во две основни групи: отворени и затворени. Отворените орални фокални жаришта остваруваат комуникација со оралната средина, додека затворените ја немаат таа карактеристика, односно истите немаат комуникација со оралната средина.

*Четвртата наставна единица* ги обработува трите механизми или патишта кои ги поврзуваат оралните инфекции со секундарните ефекти врз системското, општо здравје - метастатско ширење, метастатска повреда и метастатско воспаление.

Понатаму, во *петтата наставна единица*, следува делот за дијагностичките методи кои најпрво започнуваат со анамнеза, клинички прегледи, современи методи, рендген наод и клинички тестови. На многу едноставен и елоквентен начин се презентирани компјутерската томографија, магнетната резонанца и Cone-beam computed tomography systems (CBCT) која е варијација на традиционалната компјутерска томографија, која иако во однос на класичната компјутерска томографија CBCT дава помало озрачување, тоа е сепак поголемо од конвенционалното снимање. Ова особено треба да се има предвид кај млади пациенти, бидејќи се посензитивни на радијација.

Всушност, во ова поглавје се нотирани објаснувања и препораки на авторите за предноста на Cone Beam CT снимките во однос на класичните Rtg снимки. Исто така, опфатени се и лабораториските испитувања, односно крвната слика и нејзините промени во однос на фазата на фокалозата. Од голема помош се фотографиите со кои обилуваат и поглавјата во овој дел од учебникот, каде што на многу разбирлив начин се објаснуваат специфичните и неспецифични тестови за дијагноза на фокалната инфекција.

*Шестата наставна единица* ја обработува клиничката слика на фокалните инфекции условена од жариштето и консекутивното заболување. Кај овие инфекции нема типичен продромален стадиум како останатите инфективни заболувања. Продромалниот стадиум кај фокалозите може да варира и по должина и по клиничка слика. И кај фокалните инфекции има продромален стадиум и манифестен клинички стадиум.

Успешниот третман на орофацијалните инфекции кои се суспектни за фокус е предмет на изучување во *седмата наставна единица* и авторите објаснуваат дека претставува комплексен проблем и наметнува тимска работа на ендодонтот, пародонтологот и оралниот хирург. Тука се објаснети и терапевтските методи за згрижување на оралните фокални инфекции, како и превенцијата која може да е примарна, секундарна и терциерна.

*Осмата наставна единица* ја презентира алопеција ареата што претставува жаришно испаѓање на косата. Авторите објаснуваат дека постојат хипотези за големата улога на фокалните инфекции, стресот и ендокрините нарушувања, додека во последно време се поврзува со автоимуна етиологија со лимфоцитарен инфилтрат, како и корелација на алопеција ареата со други автоимуни заболувања.

Авторите во *деветтата наставна единица* даваат осврт на кардиоваскуларните заболувања како што се атеросклерозата и миокардниот инфаркт се јавуваат како резултат на комплексен сет на генетски фактори и фактори на животната средина. Исто така, објаснуваат за постапките за пациенти со angina pectoris или прележан миокарден инфаркт, при посета во стоматолошка ординација.

Во *десеттата наставна единица* станува збор за бременоста како период од животот на жената кој се карактеризира со хормонални промени кои го зголемуваат ризикот за развој на орални промени како гингивитис (воспаление на гингивата) и пародонтопатија. Освен болестите кои може да се јават авторите даваат осврт и на скринингот и превенцијата, како и рутинските дентални прегледи кои е идеално да се закажуваат по вториот триместар кога органогенезата е комплетна, а ургентни процедури можат да се извршат во која било гестациска доба.

*Единаесеттата наставна единица* го презентира мозочниот удар како цереброваскуларна болест која настанува како резултат на стеснување на крвните садови, при што низ тесните крвни садови не може да помине доволно количество на крв и кислород до мозочното ткиво. Авторите објаснуваат дека мозочниот удар и болестите на непцата имаат многу заедничко, повеќе отколку што повеќето луѓе мислат. Мозочен удар може да се случи на која било возраст, но ризикот за мозочен удар се зголемува со возраста, а зависи и од полот и етничката припадност.

Во *дванаесеттата наставна единица* на јасен и елоквентен разбирлив начин се елаборирани респираторните заболувања и оралните инфекции. Авторите детално објаснуваат дека најчеста причина за бактериска пневмонија е аспирација на орофарингеалната флора во долниот респираторен тракт, неможноста на одбранбените механизми на домаќинот да ги елиминираат истите, нивно размножување и последователно уништување на ткивата. Најчесто патогените микроорганизми потекнуваат од оралната или фарингеалната празнина.

***Тринаесеттата наставна единица*** ги презентира оралните инфекции и дијабетот, поврзаноста на пародонталната болест и сериозноста на дијабетот, негативното влијание на бактериските токсини врз изразеноста на дијабетот, како и негативниот ефект на истиот врз ткивата. Авторите објаснуваат дека е утврдено дека веројатноста да развијат пародонтопатија кај дијабетичарите е поизразена во однос на оние кои не се дијабетичари.

Во ***четиринаесеттата наставна единица*** се елаборирани неурогените инфекции и менингитисот. Авторите објаснуваат дека причините за овие инфекции се вирусни, бактериски, габични и паразитски, протозои и helminths.

Овие инфекции резултираат во ЦНС болести кои главно се карактеризираат со менингитис, фокални невролошки нарушувања и кома. ЦНС опортунистичките инфекции поврзани со ХИВ сега се вообичаени и се водечка причина за смрт кај возрасните во многу земји.

***Петнаесеттата наставна единица*** ја презентира поврзаноста на инфективниот ендокардит и денталните процедури. Овде авторите наведуваат дека меѓу широката разновидност на бактерии, водечка причина за ендокардитис е viridans streptococcus, особено како причина за субакутната форма на оваа болест. Viridans streptococci го сочинуваат најголемиот дел во групата на стрептококи и тие се најдоминантни коменсали во усната шуплина.

Во последната *шеснаесетта наставна единица* авторите даваат акцент на индикациите за антибиотска профилакса и наведуваат дека покрај инвазивните стоматолошки процедури кај високоризични пациенти, сите стоматолошки процедури не бараат потреба од антибиотска профилакса. Препораките за пропишување антибиотици се од суштинско значење за да се спречи препишување на антибиотик. Препишувањето на антибиотици треба да се смета како додаток на стоматолошки третман.

Литературните, библиографски податоци се презентирани во *седумнаесеттата наставна единица*, во која на правилен и концизен начин се наведени користените библиографски референци.

Присуството на големиот број слики, како и едноставниот стил на презентација на целата материја, овозможуваат на лесен, разбирлив и концизен начин да се совладаат и научат основните базични теоретски елементи по предметот Фокалози.

## ЗАКЛУЧОК

Предложениот ракопис за учебник „***Фокалози***“ на систематичен, едноставен и пристапен начин ги елаборира теоретските наставни единици кои на студентите по дентална медицина ќе им овозможи лесно, концизно и едноставно совладување на теоретските и делумно практичните содржини по предметот Фокалози. Овој ракопис ќе даде голем придонес во текот на едукацијата и ќе обезбеди студентите по дентална медицина да се здобијат со базични елементарни познавања за фокусите како причинители на консекутивни заболувања.

Согласно со нашиот презентиран извештај, со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да го прифати позитивно рецензираниот ракопис за учебник со наслов „Фокалози” од вонреден професор д-р Наташа Лонгурова, редовен професор д-р Ивона Ковачевска и асистент д-р Оливера Терзиева-Петровска како учебник.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Вера Стојановска, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Катерина Златановска вонреден професор, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „ЛОКАЛНИ АНЕСТЕЗИИ ВО ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА" ОД РЕДОВЕН ПРОФЕСОР Д-Р ЦЕНА ДИМОВА,ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.2002-296/6 од 289. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 4.11.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Јордан Јанев**, редовен професор во пензија, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, специјалист по орална хирургија,
- **д-р Даниела Велеска-Стевковска**, вонреден професор, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, специјалист по орална хирургија,
- **д-р Светлана Јовевска,** редовен професор на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, област анатомија,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Локални анестезии во дентална медицина**" од редовен професор д-р Цена Димова, наменет за студентите на студиска програма Дентална медицина, интегрирани студии од прв и втор циклус при Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „Локални анестезии во дентална медицина" од проф. д-р Цена Димова е целосен материјал кој одговара со наставниот план и содржините на предметот *Локални анестезии во дентална медицина,* кој на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип се изучува како задолжителен предмет на студиската програма Дентална медицина, интегриран студии на прв и втор циклус, во V семестар, со фонд на часови 2+2+1 и се вреднува со 4 кредити.

Ракописот е наменет како основна литература во изучувањето на наставните содржини по предметот *Локални анестезии во дентална медицина*. Методските единици се презентирани прегледно, јасно и концизно со соодветни примери, слики и илустрации кои овозможуваат полесно разбирање и усвојување на материјата, така што студентите ќе имаат можност да добијат базични знаења потребни за совладување на предметната содржина.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на ракописот „*Локални анестезии во дентална медицина*" е претставена во текст на 295 страници. Учебникот е пишуван во А4 формат со нормален единичен проред, употребен е фонт Arial и големина на буквите 11. Материјалот е подготвен во 12 методски единици - поглавја, со 163 нумерирани фотографии, распоредени според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет, а се однесуваат на подготовката на неговиот теоретски дел. Приложениот ракопис е подготвен според стандардната методологија и во целост одговара според обемот на наставната програма и ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Потребата од создавање на вакво учебник е во релација со недостигот на соодветен наставен материјал за студентите од интегрирани студии на прв и втор циклус на студиската програма Дентална медицина. Имено, во нашата земја досега нема објавено учебник со иста или слична содржина, што го прави ракописот неопходен и значаен за студентите идни доктори на дентална медицина.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Целокупната материја е распределена во 12 поглавја.

Првото поглавје со наслов ***Вовед во предметот локални анестезии во дентална медицина, историски развој на локална анестезија и нејзина примена во дентална медицина*** е посветено на историскиот развој на локалната анестезија и нејзиниот развој коишто се во зависност со развитокот и примената најпрво, на општите инхалациски анестетици и нивна примена при екстракција на заби, а потоа и на изнаоѓањето и производството на средствата за локална анестезија и почетоците на нивната практичната примена во медицината, хирургијата и стоматологијата.

Во второто поглавје именувано како ***Анамнеза и предоперативна евалуација на пациент (медицинска историја) од аспект на локално анестезирање*** се придава особената важност на анамнезата и распитот по системи за присуството на можните некакви општи, интернистички или невролошки заболувања коишто ќе имаат влијание врз изборот на видот на локалниот анестетик.

Во третото поглавје ***Инервација и васкуларизација на орофацијалната регија*** се опишуваат анатомоморфолошки специфики на структурите во орофацијалната регија: коските, мускулите, лигаментите, крвните садови и нервите кои учествуваат во васкуларизацијата, односно инервацијата на оваа регија.

Во поглавјето ***Подготовка на болен за оралнохируршка интервенција (премедикација и постапка со болен со коморбидитети - акутни и хронични системски заболувања)*** се дискутира за особената важност на потребата од предоперативната подготовка кај здравите лица и лицата со определени заболувања, во смисла на ординирање на соодветни лекови за подобрување на условите за спроведување на општата или локалната анестезија.

Во следното петто поглавје ***Болка како оралнохируршки проблем, Анестезија и аналгезија во стоматологија и орална хирургија, општа анестезија, анестетици за општа анестезија*** се потенцира механизмот на болката и патиштата на пренос на осетот за болка. Во другиот дел од ова поглавје се дава осврт на општите карактеристики на општата анестезија, нејзината поделба, фазите и различни анестетици за нејзино постигнување.

Во шестото поглавје со наслов ***Локална анестезија, средства за локална анестезија, индикации и контраиндикации за апликација на локална анестезија*** на јасен и разбирлив начин опишана е поделбата на локалните анестетици, теориите за механизам на нивното дејство, како и оправданоста односно индикациите за нивна примена во секојдневната стоматолошка практика.

Во следното седмо поглавје именувано како ***Терминална инфилтративна анестезија во горна и долна вилица*** се презентира терминалната, односно плексус анестезијата, со сите поединости и специфики на методот на апликација од вестибуларната и палатиналната страна во горната вилица, како и особеностите при апликацијата во фронталната регија на долната вилица.

Осмото поглавје со наслов ***Спроводни анестезии во горна вилица*** е посветено на интраоралните и екстраоралните блок, односно спроводните анестезии кои се применуваат во горната вилица и тоа: тубер анестезија, инфраорбитална анестезија, спроводни анестезии за n.palatinus major и nervus nasopalatinus Scarpe.

Во деветтото поглавје ***Мандибуларна анестезија*** се опишани интраоралните и екстраоралните анестезии на n. alveolaris inferior и тоа: индиректните и директните методи, конвенционалните техники како класичниот метод по Браун, аподактилниот метод, торус анестезија и др.

Понатаму во ракописот се надоврзува десеттото поглавје именувано како ***Спроводни анестезии во долна вилица***, при што се вклучени најчестите интраорални методи за постигнување на анестезираност на n. buccalis, n. mentalis и n. lingualis.

Во следното единаесетто поглавје ***Современи анестезии во орофацијалната регија*** се дава осврт на поновите и алтернативни анестезии кои се применуваат во светот и кај нас, како: Gow-Gates анестезија, Akinosi-Vazirani анестезија**,** Фишеровата анестезија и други, нивните специфики и техники на апликации со нивните ориентациски елементи кои ја олеснуваат техниката на апликација.

Во последното дванаесетто поглавје се обработуваат можните несакани компликации при изведување на локална анестезија кои може да бидат општи (алергиски реакции,

токсични реакции, епизоди на бессвесни состојби) и локални (анестезираност на соседни нерви, интравазална апликација, инциденти и несакани компликации) кои се случуваат во тек на апликацијата на локалниот анестетик. Во ова поглавје се презентираат и можните компликации по дадената локална анестезија како болка, инфекција, тризмус состојби и други. Особена важност е дадена на примената на превентивни мерки, како и терапискиот третман доколку истите настанат.

По последното поглавје е наведена цитираната *литература* која студентите може да ја користат како извор за продлабочување на знаењата во дадената област. Соодветно и правилно се цитирани 283 референци од дома и странство, повеќето од понов датум.

Текстот е напишан на литературен македонски јазик, во едноставен стил, употребувани се македонски термини секаде каде што е можно, без непотребни опширни објаснувања, со цел да биде прифатлив и интересен за читање.

Ракописот на учебникот „**Локални анестезии во дентална медицина**" покрај тоа што изобилува со голем број слики, илустрации, цртежи и шеми, на едноставниот начин ја презентира целокупната специфичната стручна материја, при што на лесен, јасен и разбирлив начин се приближени базичните елементи на теоретската предметна содржина.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на горенаведените факти, Рецензентската комисија констатира дека ракописот со наслов „**Локални анестезии во дентална медицина**" од проф. д-р Цена Димова е напишан според наставната содржина предвидена за предметот Локални анестезии во дентална медицина, на студиската програма Дентална медицина, на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Содржината на ракописот, прегледноста и организираноста на секое поглавје, пристапот кон проблематиката и стилот на кој е изложена материјата ќе обезбедат успешно следење и совладување на теоретскиот дел од наставната дисциплина за која е наменет. Исто така, приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на учебник според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. Со содржините кои се опфатени во него ќе се даде голем придонес во текот на едукацијата и студентите ќе имаат можност да го изучуваат потребниот материјал со најновите достигнувања од оваа област, за теоретска настава во соодветен обем на македонски јазик.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да го прифати позитивно рецензираниот ракопис со наслов „**Локални анестезии во дентална медицина**" од редовен професор д-р Цена Димова, да биде издаден како учебник за студентите во трета година, за студиската програма Дентална медицина.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Јордан Јанев, редовен професор во пензија, с.р.**
**Д-р Даниела Велеска-Стевковска, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Светлана Јовевска, редовен професор, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПЕРСПЕКТИВА ВО ЦРТЕЖ И СЛИКА” ОД ВОН. ПРОФ. М-Р ЈАНА ЈАКИМОВСКА, ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2402-34/3 од 89. редовна седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовна академија, одржана на 1.2.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- м-р Елизабета Аврамовска, редовен професор, Архитектонски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- д-р Петар Намичев, редовен професор, Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ПЕРСПЕКТИВА ВО ЦРТЕЖ И СЛИКА**” од **вон. проф. м-р Јана Јакимовска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовна академија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот со наслов **„Перспектива во цртеж и слика“** од вон. проф. м-р Јана Јакимовска е наменет за изборните предмети Перспектива 1 и Перспектива 2, кои се слушаат на прв циклус студии на студиската програма Класично сликарство во 5. и 6. семестар. Според Наставната програма, овие предмети носат по 4 кредити и имаат неделен фонд на часови 2+1+1. Приложениот соодветно илустриран текст е целосно подготвен во согласност со пропишаната Наставна програма за овие предмети и темелно ја опфаќа наставната материја. Исто така, во потполност одговара на барањата поставени пред студентите во однос на теоретската реализација на споменатата Програма на наведените предмети.

**Податоци за обемот на ракописот:** Приложениот ракопис со илустрации се состои од 155 страници, А4 формат. Текстот е напишан со единечен проред со употреба на фонтот Arial, со кирилична поддршка и со големина на букви 11. Текстот е илустриран со 212 слики од кои поголемиот дел (159) се авторски илустрации и фотографии. Останатите 53 слики се репродукции од дела на 34 домашни, регионални и светски уметници. Сите илустрации соодветствуваат со текстот и се визуелна поткрепа на текстуалниот дел. Текстот е приспособен на потребите и нивото на студентите од студиската програма Класично сликарство, но може да биде корисна литература за студенти од други слични и сродни студиски програми. Според обемот и содржината, трудот во потполност ги задоволува критериумите на предметите за кои е наменет, бројот на часови со кои е застапен, како и соодветната Наставна програма. Истовремено одговара на одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Според нашите сознанија, единствен претходно објавен материјал на македонски јазик на оваа тематика е учебното помагало „Перспектива 1“ на вон. проф. м-р Јана Јакимовска. Но, таму првенствено се разработува проблемот на линеарната перспектива кој пред сè се однесува на цртачките аспекти од ликовната уметност. Учебникот „Перспектива во цртеж и слика“ во себе го содржи тој материјал, но овде тој е дополнет со поглавја кои се однесуваат на тонска и на атмосферска перспектива – сознанија кои се нужни во контекст на сликарското

изразување. Со тоа, овој ракопис особено им се обраќа на студентите кои студираат Класично сликарство, а е сосема соодветен за студенти од сродни студиски програми. Во поглавјата кои се однесуваат на атмосферска перспектива и користење на бојата за прикажување на перспективата во сликарството, Јакимовска вклучува репродукции од повеќе автори кои во своите дела ја третираат проблематиката на длабочина на просторот. Голем дел од овие автори се докажани македонски уметници од повеќе генерации, што на извесен начин овој на учебник му дава и историска и архивска нота, и тој потфат особено го поздравуваме. Важно е да се истакне дека јазикот е едноставен, чист и разбирлив, особено во поглавјата кои се однесуваат на постапките за разбирање на линеарната перспектива. Во поглавјата кои се однесуваат на тонската и атмосферската перспектива, како и оние кои ја разработуваат македонската уметност низ призма на оваа проблематика, авторката создава мошне интересно четиво во кое се преплетуваат интересни историски податоци со темелни анализи и проникливи толкувања. Илустрациите сосема соодветствуваат со нотата на текстот: во поглавјата кои од читателот бараат разбирање на покомплексни технички содржини од линеарната перспектива тие се доста технички изведени и разбирливи, неоптоварени со ликовен пристап и индивидуален израз. За сметка на тоа, во деловите во кои се истражува индивидуалноста на изразот и се прави пресек на локалната сцена, авторката избрала соодветни и интересни репродукции со висок квалитет. Оттаму, сметаме дека овој учебник е особено значаен и од теоретски и практичен аспект за студентите кои ги изучуваат ликовните уметности, а е корисен и за ентузијасти кои би сакале самостојно да се запознаат со проблематиката на перспективата во ликовната уметност.

**Краток опис на содржината:** Учебникот се состои од 19 поглавја кои се со логичен редослед и систематизација, осмислени така што читателот (кој најверојатно првпат се среќава со оваа проблематика) прво го запознаваат со основните поими и концепти за линеарна перспектива, потоа го упатуваат кон покомплексни аспекти од проблематиката и кон клучните моменти на кои треба да се обрне внимание за да се конструира тридимензионален простор или објект. Понатаму, од овој условно технички дел авторката преминува кон естетскиот и ликовен аспект на цртежот во контекст на прашањата на перспектива, разработувајќи ја важноста на линијата и тонот, како и индивидуалноста на визуелниот израз. Неосетно, преку тонот таа нè води од цртежот во доменот на сликарството во моментот кога ја воведува бојата како елемент, разработувајќи ја атмосферската перспектива. Откако ги презентира основните принципи на сликарскиот јазик за применување на перспективата, таа го отвора прашањето на индивидуалното во сликарскиот јазик, со тоа што прави кус интересен пресек на творештвото на повеќе автори и низ нивни дела ја анализира примената на правилата на перспектива во релација со различни ликовни историски правци, стилови и индивидуални изрази. Воочливо е дека во секоја наредна тема авторката внимателно внесува нови податоци, така што материјалот постепено добива на комплексност не оставајќи простор за нејаснотии ниту од аспект на текстот и јазикот, ниту од аспект на илустрациите. Деталната содржина на овој учебник е презентирана уредно, а поглавјата се јасно и логично обележани со наслови, исто како што се јасно обележани како поднаслови и одделните делови во состав на поглавјата.

Првото поглавје ***Вовед во перспектива*** го воведува читателот во проблематиката со која ќе се среќава понатаму во текстот. Авторката, правејќи кус и компримиран пресек на проблесоците на тридимензионално изразување низ историјата на уметноста, ја посочува вековната потреба на човекот да трага по средства и методи за најлесно и најјасно ликовно да се изрази себе и своето опкружување. Тука читателот се запознава со етимолошкиот аспект на зборот перспектива, а пред него се поставени и основните дефиниции за разбирање на зборот и сите негови значења. Иако е навидум кусо, ова поглавје е есенцијално за запознавање на читателот со основните информации за материјата која следува.

Второто поглавје ***Линеарна перспектива*: *основни поими и дефиниции*** го запознава читателот со најважните дефиниции и базичните термини кои ќе се користат понатаму во делот кој се однесува на линеарната перспектива. Поимите хоризонт, недоглед, точки на исчезнување – сите се објаснети темелно, пластично и јасно. Дополнително, користењето на илустрации за да се визуелизираат овие поими му помагаат на читателот самостојно да ги опсервира како феномен во просторот околу него. Дополнето со куси објаснувања

за принципот на перцепција на човечкото око, ова поглавје уште на почетокот се стреми да разјасни голем дел од дилемите кои се јавуваат во пракса при примената на линеарната перспектива во цртежот.

Третото поглавје насловено како ***Централна перспектива*** се занимава со проблематиката на перспективата со еден недоглед. Овој тип на линеарна перспектива, како теоретски најјасен и визуелно често најлесно забележлив во природата, природно се наметнува како прв во анализата на видови перспектива. Преку неколку соодветно илустрирани клучни опсервации и куси забелешки за централната перспектива, авторката наметнува неколку визуелни и логички принципи кои читателот сукцесивно ќе може да ги примени и врз останатите видови линеарна перспектива. Темелниот пристап кој е присутен во ова поглавје (кога читателот започнува да ја запознава методологијата на градење на линеарна перспектива во цртеж) постепено се редуцира во наредните поглавја кои се однесуваат на линеарна перспектива, имајќи ја предвид способноста на читателот познатото да го примени и во нови ситуации. Авторката во ова поглавје нè соочува со четири важни ситуации на употреба на централната перспектива во контекст на илустрирање на просторот, па низ студиозни и етапни илустрирани примери објаснува поставка на екстериер од природа, екстериер со самостојно проектирање, ентериер од природа и ентериер со самостојно проектирање.

Четвртото поглавје ***Перспектива со два недогледи*** започнува со навраќање кон почетокот на книгата, каде што неосетно веќе се воведени аспекти од проблематиката со која се занимава овој дел. Во општиот дел од ова поглавје, авторката илустративно и текстуално ги елаборира карактеристиките на овој вид перспектива, при што се потенцира логиката на правилата изучени во претходното поглавје. Исто како и таму, и овде, читателот се запознава со четири важни ситуации во кои најчесто се применува перспективата со два недогледи во контекст на просторот: екстериер од природа, екстериер со самостојно проектирање, ентериер од природа и ентериер со самостојно проектирање.

Петтото поглавје кое е насловено ***Перспектива со три недогледи*** го запознава читателот со правилата и принципите врз кои се гради поставувањето на овој вид перспектива. Низ илустрации и текстуални објаснувања, на читателот му се презентира оваа комплексна материја на јасен начин. Авторката во ова поглавје ги воведува и термините „жабја“ и „птичја“ перспектива кои колоквијално се врзуваат за перспективата со три недогледи, но таа прави посуштинска анализа на овие ракурси и го запознава читателот и со поимите на жабја и птичја перспектива во контекст на еден и два недогледи. Ниту во ова поглавје не недостасуваат детално илустрирани и елаборирани ситуации, но за да не влезе во редундантни води, авторката наместо со четири нè запознава со две ситуации на цртање, и тоа екстериер од природа и ентериер со самостојно проектирање, под претпоставка дека низ примерите читателот сам ќе може да ги реши останатите ситуации.

***Перспектива со повеќе од три недогледи*** е насловот на шестото поглавје, кое се занимава со запознавање на читателот на неколку теоретски видови перспектива. Објаснети се перспективата со четири и перспективата со пет недогледи, а читателот е поттикнат да истражи дали има и други видови перспектива и како тие би изгледале. Ова поглавје е кусо и со намера да биде информативно, бидејќи овие видови перспектива имаат мал обем на примена поради теоретскиот аспект на кој се базираат, и најчесто се неприменливи во ситуации во кои постои стремеж да се прикаже просторот низ призма на стандардна перцепција на човечкото око. Но, секако е повеќе од полезно да бидат вклучени, бидејќи нудат можност за читателот во пракса да создава прикази во кои ќе експериментира, потенцијално ќе ја редефинира визуелната реалност и ќе ја инкорпорира сопствената креативност.

Седмото поглавје насловено како ***Перспектива со нула недогледи*** зборува за ситуациите каде што, поради сооченост со неправилни форми во природата, линеарната перспектива е речиси незабележлива. Авторката во ова поглавје прави мал вовед во проблематиката на линијата, тонот и градацијата како важни аспекти кои ќе се разгледуваат понатаму. Преку неколку важни опсервации и генерални насоки, на читателот му се дава цела низа на механизми за набљудување и применување на принципот на тродимензионалноста и во ситуации во кои отсуствува можноста за буквално користење на правилата на линеарна

перспектива. И во ова поглавје текстуалните експликации се јасни и систематични, а се поткрепени со соодветни илустрации за дообјаснување на текстот.

Осмото поглавје ***Комбинирање на перспективи*** се занимава со разјаснување на оние ситуации кои најчесто ги среќаваме во реалноста, особено во урбаните простори (различно поставени тела со свои недогледи) и поради кои се случува неможност за перципирање и поимање на правилата на линеарната перспектива. Авторката во ова поглавје ги редуцира тие комплексни ситуации од визуелен хаос до шематски и логички прикази на она што на читателот му е веќе познато. Преку чисти и јасни илустрации, авторката поставува неколку ситуации за разбирање на проблемот: поставува сцена со доминантна централна перспектива во која се сместени елементи со други недогледи, потоа поставува сцена со доминантна перспектива со два недогледи во која се случува истата ситуација, и конечно, ситуација на тела под агол, каде освен варијација во однос на точките по хоризонтала, ги разигрува и по вертикалната оска.

***Важни насоки за цртање на линеарна перспектива*** е насловот на деветтото поглавје. Во него читателот се среќава со неколку покомплицирани ситуации кои се среќаваат во пракса, а за кои авторката заклучила дека нема доволно јасни и концизни објаснувања во литературата со која се сретнала до сега. Акцентот на ова поглавје е ставен на две важни поттеми, поточно на претставување на кружни пресеци со помош на линеарна перспектива, и пропорционално намалување на објектите во перспектива. Овие две поттеми се разработени со етапни и јасни цртежи кои не оставаат простор за дилема кај читателот во однос на методот на изведба.

Десеттото поглавје наречено ***Најчести грешки при цртање на линеарна перспектива*** е пресек на најчесто повторуваните грешки кои авторката ги сретнала при својата долгогодишна работа во оваа проблематика. Идејата зад ова поглавје е да го подготви читателот со проблемите и евентуалните пропусти со кои неминовно ќе се соочи во пракса: поставувањето на хоризонтот за креирање ракурс, поставување на елементите во простор во контекст на нивна статичност и почитување на волуменот, планирање и поставување на точките на исчезнување. Овие ситуации се илустрирани со точни и помалку точни примери, и разликата е јасно и недвосмислено текстуално елаборирана.

Единаесеттото поглавје со наслов ***Антиперспектива*** на одреден начин ја затвора темата на линеарната перспектива и нејзината проблематика. Свесно или не, авторката токму оваа нереална перспектива ја одбрала како концепциски граничник меѓу теоретското и линеарното и она што следува во етапи низ поглавјата потоа – ликовното и индивидуалното, нешто кон што се стреми секој автор. Во ова поглавје се разработува специфичната перспектива наречена обратна, односно византиска – и од аспект на шематско поставување, но и од аспект на филозофската заднина зад неа. Низ визуелни примери читателот има можност да го разбере проектирањето на елементите во антиперспектива, но и да види како таа може да биде применета и во современото сликарство (а не само во византиската иконографија).

***Линија, површина и нивната улога во перспективата*** е дванаесеттото поглавје, кое го запознава читателот со линијата и нејзината динамика, како и со површината како збир од линии или точки за постигнување фактура и материјализација во цртежот. Со користење на примери од светската и домашната ликовна сцена, авторката ја разработува перспективата и длабочината во делата преку анализи во кои ги идентификува клучните средства за постигнување на ефектите. Додатно, поглавјето е поделено на интересни поттеми во кои уште подетално се прави дистинкција во различните пристапи при линеарниот ликовен израз во контекст на прикажување на перспективата.

Тринаесеттото поглавје ***Тонска перспектива*** нуди обемна и темелна анализа на тонскиот пристап во цртежот, почнувајќи со општи опсервации низ неколку клучни визуелни примери. Овие примери се проследени со концизни и прецизни заклучоци до кои е дојдено со опсервација. Понатаму во ова поглавје, авторката ни нуди разгледи на тематски примени на оваа перспектива, при што се задржува главно на проблематиката на мртвата природа и пејзажот. Конечно, поглавјето завршува со визуелна и текстуална анализа која се однесува на линијата, тонот и нивното комбинирање, што е од голема важност за студентите кои студираат ликовна уметност.

Ако досегашните поглавја имаа универзална примена во уметноста во контекст на дводимензионалното изразување, четиринаесеттото поглавје со наслов ***Перспектива и боја: атмосферска перспектива*** влегува во доменот на сликарството и со тоа неминовно се обраќа на потесна публика, поточно на студентите од студиската програма Класично сликарство. Ова е обемно поглавје кое е исклучително важно за расчистување и анализа во контекст на сликарското изразување, и заслужува детален осврт. Поглавјето започнува со јасна експликација на физичките законитости во природата кои се одговорни за нашата перцепција на длабочината на просторот низ призмата на бојата. Потоа, преку разјаснување на постапката за сликање на пејзаж, авторката преку текст и соодветни визуелни примери од повеќе автори прави анализа на поединечните аспекти од атмосферската перспектива кои се забележливи за окото и применливи во сликарството. Акцентот понатаму паѓа на импресионизмот и на неговиот идеен творец Клод Моне, па преку анализа на негови дела, како и анализа на дел на автори од светски и регионални уметници кои го негуваат импресионистичкиот израз подетално се утврдуваат принципите на создавање на илузијата на третата димензија со помош на бојата, светлината и контрастот. Секако, не се заборава и аспектот на линеарната перспектива во овие дела.

***Сликање на ентериер во перспектива*** е насловот на петнаесеттото поглавје, кое можело исто така да биде поттема на претходното. Со фактот дека го издвојува, авторката ни сугерира дека од теоретски аспект не е посветено доволно внимание на проблематиката на ентериерот во сликарството, особено во релација со фигурацијата. Во ова поглавје се прави темелна анализа на дела на неколку светски автори кои во опусот го третираат ентериерот со и без фигурација. Преку разработка на нивните дела се доаѓа до потврдување на правилата и методите кои важат и за мотивите анализирани во претходните поглавја. Интересно и впечатливо во овој дел од текстот и поглавјата подолу е дека авторката внесува и компаративен момент, а не недостасува и прониклив, безмалку анегдотски пристап кој читателот го интригира за подетално истражување во доменот на историјата на уметноста.

Шеснаесеттото поглавје со наслов ***Архитектура, пејзаж и простор во македонското сликарство*** се однесува на анализа на неколку генерации македонски автори кои својот творечки и просветен век го посветиле на создавање своевидна симбиоза меѓу сликарството и архитектурата. Од тој аспект, ова поглавје е важно не само за студентите по ликовна уметност (сликарство), туку и за оние кои студираат архитектура. Низ анализа на дела на овие сликари можат да се видат не само применети правилата за перспектива во сликарство и цртеж, туку и да се насетат современите тенденции на македонската ликовна сцена. Од овој аспект се важни и поглавјата подолу.

***Перспективата во современ регионален контекст***, односно седумнаесеттото поглавје, е концизен и многу интересен пресек на најновите текови на регионалната сцена. Тука авторката го анализира од повеќе аспекти творештвото на неколку автори од поновите генерации сликари, кои во фокусот го имаат просторот, ентериерот, архитектурата. Поттекстот на ова поглавје е своевиден демант на актуелните тези дека уметноста, особено фигуративната, е мртва. Оттаму, токму ова поглавје е имплицитен мотив за новите генерации да продолжат да го негуваат реалистичниот ликовен израз.

***Перспективата отаде реализмот*** е насловот на осумнаесеттото, претпоследно поглавје. Во него, авторката на читателот му отвора поглед надвор од доменот на реализмот во сликарството, но се држи до примарниот фокус на целиот учебник – перспективата. Анализирајќи неколку уметници преку нивните дела, авторката првенствено ги анализира точките во кои се среќаваат реалното и ликовното со акцент на методите на прикажување на просторот изучувани во оваа книга. Понатаму, ова поглавје нè води во запознавање на неколку стилови и пристапи почнувајќи од надреализмот во македонската ликовна традиција до стремежот за апстрактен израз.

Деветнаесеттото поглавје го носи насловот ***Наместо крај*** и е своевидно заклучување на материјата изнесена во овој учебник. Во него, авторката накусо зборува за своите мотиви и пристап при градењето на овој материјал. Ни ги образложува личните стремежи и дилеми со кои се соочувала при пишувањето и систематизирањето на оваа книга, и ни дава мал поглед во тоа како овој материјал понатаму би можел да биде разработен и ажуриран доколку доживее следни изданија.

Преку ваквиот јасен, концизен, наместа детален и генерално занимлив начин на обработка на проблематиката на перспективата во ликовната уметност, со акцент на разработка на линеарната, тонската и атмосферската перспектива, со употреба на разбирлив и течен јазик и голем број соодветни примери за илустрација на текстот, сметаме дека главната цел е постигната, а тоа е студентите да се запознаат, да се заинтересираат и темелно да се информираат за проблематиката на перспективата во цртежот и сликарството, и да можат стекнатото знаење од теорија да го пренесат во пракса. Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детална анализа на содржината на овој ракопис, го даваме следниов

**ЗАКЛУЧОК**

Учебникот „Перспектива во цртеж и слика“ од вон. проф. м-р Јана Јакимовска прави сеопфатна анализа на употребата на перспективата во цртежот и сликарството на ниво внимателно приспособено на студентите од областа на ликовните уметности. Акцентот на линеарната, тонската и атмосферската перспектива и нивната имплементација во ликовниот израз го прави овој учебник речиси неопходен за студентите од студиската програма Класично сликарство. Евидентно е дека авторката сите тематски единици адекватно ги приспособила на потребите на студентите, што е резултат од долгогодишната нејзина работа на предметите Перспектива 1 и Перспектива 2. Оттаму овој учебник може да се земе предвид како основна литература по овие предмети. Од тој аспект, овој учебник е од огромно значење за студентите бидејќи освен што темелно ја објаснува материјата која ја разработува, истовремено ги предвидува сите пречки со кои студентот потенцијално може да се соочи. Акцентот ставен на линеарната перспектива со еден, два и три недогледи, темелната разработка на тонската и особено атмосферската перспектива, јасните и недвосмислени илустрирани примери наведуваат на тоа дека овој учебник е корисен не само за студентите, туку и за сите ентузијасти за реалистичен ликовен израз. Спонтаниот пресек низ светската и домашна ликовна сцена при анализата на примената на перспективата, како и лесниот, течен и интересен јазик и стил го прават ова четиво релевантно и за вљубениците во уметноста, дури и оние кои немаат претензии авторски да се изразуваат. Имајќи ги предвид сите изнесени карактеристики на овој учебник, сметаме дека истиот треба да биде објавен и достапен на студентите на Класично сликарство на Ликовна академија, а едновремено препорачуваме да биде достапно за стручната и уметничка јавност во државата и регионот.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија во Штип да му предложиме учебникот со наслов „Перспектива во цртеж и слика“ од вон. проф. м-р Јана Јакимовска да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**М-р Елизабета Аврамовска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Петар Намичев, редовен професор, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ (УЧЕБНИК) СО НАСЛОВ „СОЦИЈАЛНО ПРАВО” ОД ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР Д-Р БИЛЈАНА ТОДОРОВА, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1102-37/3 од 235.а редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 7.2.2023 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Лазар Јовевски, редовен професор, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
- д-р Андон Мајхошев, редовен професор, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„СОЦИЈАЛНО ПРАВО”** од **вонреден професор д-р Билјана Тодорова,** наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т АЈ

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов *„Социјално право»* како прва публикација од ваков вид во Република Северна Македонија претставува континуирана заложба на авторката да ја оформи потребната литература за предметот Социјално право. Учебникот ги содржи сите предвидени тематски целини што се опфатени во предметната програма по Социјално право во втора академска година (трет семестар), со неделен фонд на часови 2+1+1. Учебникот е наменет првенствено за изучување на предметот Социјално право од страна на студентите на Правен факултет на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за сите насоки на прв циклус студии. Преку него се очекува студентите, а и сите заинтересирани субјекти, да добијат продлабочени знаења за теоретските и практични аспекти неопходни за разбирање и спроведување на социјалното осигурување и социјалнатата заштита во земјава. Ракописот е според сите современи стандарди и правила за пишување на учебник.

**Податоци за обемот на ракописот:** Проблематиката што е предмет на рецензијата е претставена во текст од вкупно 292 страници, од кои на осум страници се поместени 186 релевантни библиографски единици, од монографски единици, периодични списанија, статии, извештаи и интернет страници, во најголем дел странска литература што ги покрива подрачјата што се третирани во трудот. Исто така, во трудот се користени најважните домашни правни акти како и меѓународни и регионални акти на МОТ, ООН, Советот на Европа и Европската Унија, кои се тесно поврзани со социјалните права од аспект на социјалното осигурување и правата од социјалната заштита. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial, големина на буквите е 11. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Текст со ваков или сличен наслов досега не е објавен во Република Северна Македонија. Станува збор за ракопис кој за првпат се објавува во нашата држава. Потребата од објавување на поднесениот ракопис е големо, бидејќи студентите ќе имаат можност да се запознаат со најважните аспекти од областа на социјално правните односи.

**Краток опис на содржината:** Учебникот „Социјално право“ од авторката проф. д-р Билјана Тодорова претставува заокружена целина на повеќегодишна анализа и

истражување на теми поврзани со правните аспекти на домашната и меѓународна социјално-правна проблематика.

Како наставен предмет целта на постоење на социјалното право е студентите да го совладаат и понатаму да може да го применат правото во практиката, меѓутоа како правна гранка социјалното право постои за да се обезбеди социјална сигурност на граѓанинот, неговото семејство, и со тоа и на целото население во државата. Тоа е збирен назив за различните видови на права, како што се: правото на социјално, пензиско и инвалидско осигурување, потоа, правото на здравствена заштита и здравствено осигурување, правото на социјална заштита и заштита на децата. Во него се содржани елементи на социјалната политика во земјава и елементи за едукација на кадрите (социјалното право сфатено како наставна дисциплина, наменета на студентите по право).

Социјалното право се состои од група на права што се загарантирани со закон, тие се фундаментални и се потврдени во националните устави и меѓународните договори за човекови права. Оттаму, учебникот „Социјално прво“ проучува правни норми во поширок круг на правни акти и документи (устав, закони, одлуки, решенија). Од овие правни акти, како предмет на проучување на социјалното право можат да се определат неколку тематски области.

Првата тематска област на ракописот „Социјално прво“ опфаќа општ осврт на правната гранка, предмет, цел, извори, принципи и воопшто што се подразбира под социјално осигурување и социјална заштита.

Понатаму значајно внимание се посветува на здравственото осигурување и заштита, кои се права на пациентите и како тие се остваруваат во трите нивоа на здравствената заштита: примарно, секундарно и терцијарно ниво. Тука се определуваат основните значења на двете категории (здравствено осигурување и здравствена заштита), потоа постапката за остварување на правото на здравствена заштита, и на здравственото осигурување, како и организациската поставеност на здравствените установи.

Трета голема целина во ракописот претставува пензиското осигурување, ризиците и правата од пензиско осигурување, организацијата на институциите за остварување на ова право. Битна категорија е поимот пензиски стаж и неговите појавни облици (редовен, посебен, зголемено траење на стажот на осигурување), како и видовите на пензија (старосна, инвалидска и семејна пензија). Се проучуваат правата врз основа на инвалидност, со анализа на условите за оценка на инвалидноста, постапката за остварување на ова право и можноста за престанок на правото.

Четврта тематска област се и правата од осигурување во случај на привремена невработеност и условите под кои тие можат да се уживаат.

Следува анализа на условите за настанување на можноста за право на социјална заштита, постапките за остварување на ова право и престанокот на социјалната заштита.

Во рамките на шестата тематска целина, согласно со можностите за обемот на учебникот, посветено е внимание на детската заштита и нејзината улога во општеството, организацијата и финансирањето на детската заштита.

Во последната, седма глава, е изучување на правата на борци, воени инвалиди и семејства на загинати борци, како и заштитата на цивилните жртви од војната.

Во врска со овие целини на социјалното право битно е да се истакне дека тоа не се заснова само на еден закон, туку постојат повеќе позитивни законски прописи од кои авторката ги влече суштинските елементи за проучување и анализа.

Во рамките на овие наведени области, предмет на проучување на социјалното право не се само правните норми, туку и институциите (Фондот за здравствено осигурување, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, здравствените домови и центрите за социјална работа) и односите кои се битни за социјално-правната положба на човекот. Всушност, социјалното право во голема мера е практична дисциплина и не може успешно да ја оствари својата функција исклучиво благодарејќи на правните норми на законите. За да може социјалното право да ја оствари својата цел потребно е да се воспостават квалитетни конкретни механизми на заштита на граѓаните кои се во социјален ризик (на пр. унапредување на системот на здравствена заштита, добро работење на установите за социјална заштита, финансиски стабилни пензиски фондови итн.).

**ЗАКЛУЧОК**

Ракописот со наслов *„Социјално право"* од авторката вонреден професор д-р Билјана Тодорова претставува научна и стручна публикација која ги опфаќа и објаснува различните тематски области во кои се воспоставуваат социјално-правни односи во нашата држава.

Ракописот е напишан на разбирлив стил со логичка поставеност на неговата структура од кој студентите ќе се стекнат со вештини за анализа, толкување и примена на тврдата и меката легислатива од областа на социјалното осигурување и социјалната заштита. Како и да стекнат вештини за дискутирање и примена на современите пристапи во заштита на корисниците на правата и услугите во системот на социјално осигурување и социјална заштита. Убедени сме дека станува збор за скромен, но навремен и драгоцен придонес кон литературата од оваа проблематика.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање е-учебник пропишан според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Врз основа на погоре изнесеното, Резензентската комисија со задоволство предлага ракописот со наслов *„Социјално право"* од вонреден професор д-р Билјана Тодорова да биде издаден како учебник за потребите на студентите на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Лазар Јовевски редовен професор, с.р.**
**Д-р Андон Мајхошев редовен професор, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Билтен 15.2.2023 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
| **МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ** | 1. Симулација на интерполирано движење на работните елементи на CNC струг | 2202-37/7 од 2.2.2023 год. | Проф. д-р Марија Чекеровска | Виолета Крчева |
| **МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА** | 2. Музичките изразни средства и нивните особености во хорското творештво на композиторот Гоце Гавриловски | 1402-41/12 од 7.2.2023 год. | Проф. д-р Валентина Велковска - Трајановска | Наташа Богојевска |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА** | 3. Јавно-приватно партнерство како можност за развој на единици на локална самоуправа: случај Општина Гевгелија | 2102-38/6 од 5.2.2023 год. | Проф. д-р Марија Магдинчева-Шопова | Јованка Цуклева-Анастасова |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на прифатени теми за изработка на докторски трудови од Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3**

| | Одлука | Тема | Ментори | Студент |
|---|---|---|---|---|
| ФМН | 0206-153/5 од 6.2.2023 г. | „Постимплантациски и психосоцијални параметри за оцена на прогресијата во комуникациските капацитети кај деца со кохлеарни импланти" / „Postimplantation and psychosocial parameters for assessment of progression in communication capacities in childres with cochlear implants" | Проф. д-р Ленче Милошева, интерен ментор и проф. д-р Марина Давчева-Чакар, екстерен ментор | Бесим Зеќири |
| ФМН | 0206-153/4 од 6.2.2023 г. | „Валидација на компјутеризирани системи од категорија 4 и 5, според Добрата автоматизирна производна практика" / „Validation of computerized systems category 4 and 5 according to Good Automation Manufacturing Practice" | Проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, интерен ментор и проф. д-р Марија Главаш-Додов, екстерен ментор | Никола Симоновски |
| | | | | |